Општинско основно училиште „Стив Наумов“ - Скопје

Збор-два – Стив Наумов

Петок 25 јуни, 2021 година Годишно издание, учебна 2020/2021

Училишно списание

Учебна 2020/2021

ООУ „Стив Наумов“
ул. Лазар Поп Трајков, бр. 28 1000 Скопје
тел.: +389 02 31 74 006
e-mail: ou_stiv_naumov@yahoo.com

Директор: Елизабета Јовановска
Уредник: м-р Мери Т. Младеновска

МЕРИ ТОДОРОВА МЛАДЕНОВСКА

П Р Е Д Г О В О Р

Драги читатели, ве запознаваме со пилот изданието на нашиот училишен весник „Збор-два – Стив Наумов“ и оваа можност ја користиме да ви го претставиме нашето училиште, поконкретно посветеноста на сите учесници во воспитно-образовниот процес, сите чинители кои делуваат овој процес да ја достигне вистинската суштина, особено растот и развојот на вистинската личност, генерации кои подоцна позитивно ќе влијаат врз убавиот лик на општеството во сите сфери на животот. Затоа, за цел живот, секој од нас споменувајќи си за убавината на детството и училиштето, сведочи за еден незаборав во кој секој спомен на училишните клупи, особено самиот почеток на школувањето предизвикува радост и задоволство. Се надеваме дека со ова издание ќе успееме да го доловиме духот на младоста, креативноста и убавината на училишниот живот, а со тоа ќе исцртаме патека која ќе води кон идната вистинска претстава на квалитетна и креативна младост. Ова е нашиот печат за кој беспоштедно ќе се вложуваме да живее во иднината која ни претстои.

„Збор-два – Стив Наумов“ е годишно издание и во него ќе се запознаете со сите активности во нашето училиште кои се одвиваа во текот на целата учебна година. Секако, ова издание осамна во период кој е специфичен како за нас, така и за цело човештво, кога се соочуваме со пандемија во светски рамки што нè не заобиколи ниту нас, но сите содржини кои ќе ги сретнете во продолжение на списанието сведочат за нашата упорност, неуморност, бестрашност и креативност, што ја претставува нашата борба против нешто што не оди во прилог со начинот на живеење и функционирање на кој сме свикнале и кој посакуваме да го вратиме, со надеж дека идните изданија на ова списание ќе бидат почести и збогатени со нови рубрики кои уште повеќе ќе не претстават во нашето вистинското светло.

Најискрено се надеваме дека ова издание ќе ви се допадне и ќе уживате во приложените содржини, што секако ќе претставува поттик за нашата креативност и натамошна работа на списанието.

Искрено ваше,
ООУ „Стив Наумов“ – Скопје

Квиз на знаење - МИО

Во текот на месец јуни, поконкретно на 9 јуни, 2021г. ќе се одржи квиз на знаење од општа култура за учениците од сите 11 основни училишта во Општина Гази Баба. Овој квиз е една од активностите кои се организираат во рамките на проектот за меѓуетничка интеграција – МИО на кој учество ќе земат групи ученици од 1 до 9-то одделение кои ќе бидат поделени во три возрасни групи, а исто така учесниците доаѓаат од сите етнички заедници во општината што секако е во духот на веќе споменатиот проект. Она што се очекува од овој квиз пред се е дружењето помеѓу учесниците и размената на искуства и знаења што секако ќе се одвива во опуштена атмосфера исполнета со забава. Поради добро познатите околности, оваа година квизот ќе се одржува онлајн, преку Teams, што е веќе позната платформа за сите учесници во воспитно-образовниот процес. Очекуваме одлична организација и незаборавни искуства.

Проект за меѓуетничка интеграција во образованието

За успешно реализирање на квизот и за подобро меѓусебно запознавање на учениците во тимовите беше закажана прва средба на 7 јуни, а за одржување на квизот беше одреден 9 јуни.



Првата средба, а воедно и квизот беа успешно реализирани во пријатна и опуштена атмосфера со тоа што наставничката Руменка Дејанова беше координатор на тимот „Мали генијалци“, кои освоија 24 поени, а за сите учесници на квизот најавено е дека ќе бидат доделени дипломи за учество.

Работилница на тема: „Професионален и кариерен развој“

Како дел од програмата за професионална ориентација за учениците, училишниот педагог и психолог со учениците од деветто одделение одржаа предавање на тема: „Професионален и кариерен развој“. Целта на предавањето е да им се помогне на учениците при изборот на средното училиште согласно нивните способности и интереси. Особена чест ни претставува што во предавањето учество зеде и проф. д-р Лазар Јовевски, професор по трудово право. Тој со своето излагање ги мотивираше учениците како да направат вистински избор каде ќе го продолжат своето образование.



Учество на онлајн квизот – проект на ПМИО

На онлајн квизот кој се одржа на 9 јуни, 2021г. и на кој учествуваа ученици од сите 11 основни училишта во општината, од нашето училиште учество зедоа ученици од прво до деветто одделение кои беа поделени во три групи: прва група – ученици од 1 до 3 одделение, втора група – ученици од 4 до 6 одделение и трета група – од 7 до 9 одделение и тоа:

од 1 до 3 одделение

1. Мила Томиќ Атанасовски – 2г одд.
2. Ада Кутај – 3в одд.
3. Матеј Ристиќ – 3в одд.
4. Илијана Боневска – 3г одд.

од 4 до 6 одделение

1. Ата Хусејин Кутај – 4а одд.
2. Керим Дестани – 4в одд.
3. Анастасија Митреска – 6в одд.
4. Калина Трпчевска – 5в одд.

од 7 до 9 одделение

1. Белма Кораќ
2. Михаил Трајчевски
3. Мила Јовановиќ
4. Матеј Ѓерасов

Со цел квизот да биде успешно реализиран, секоја од трите групи кои броеа 44 учесници беше поделена на 4 екипи по 11 учесници, а за секоја екипа беше избран по еден наставник од сите 11 училишта кој треба да ги анимира учениците и да ги води во текот на квизот. Одговорен наставник од нашето училиште за водење на една од екипите беше Руменка Дејанова – одделенски наставник.

Натпревар по математика – КЕНГУР 2021

На 18 март, 2021г. во нашето училиште се одржа меѓународниот натпревар КЕНГУР 2021, на кој зедоа учество ученици од второ, трето, четврто и петто одделение. Во текот на неделата пред натпреварот најпрво претходеа подготовки кои се однесуваа на реализирањето на истиот, како со физичко присуство, така и онлајн преку Teams. Учениците, особено оние кои беа онлајн беа организирани во две групи (во една група беа учениците од второ и трето одделение, а во друга беа учениците од четврто и петто одделение) така што комуникацијата и споделувањето на линкот и потребните материјали беше изведено успешно.
Натпреварот започна во 11.00ч, а заврши во 12.15ч, при што учениците со физичко присуство навремено започнаа со решавање на тестовите, а исто и учениците кои се натпреварувааонлајн.
Како во делот со физичко присуство, така и во онлјан, на самото место беа присутни одговорните наставници (членови на државната комисија за КЕНГУР 2021) – Љубинка С. Петрушева и Мери Тодорова Младеновска, кои се придржуваа до однапред предвидените правила и протоколот за одржување на натпреварот, така што регуларноста во спроведувањето на натпреварот беше обезбедена, учениците беа правилно распределени и воедно беше обезбедена тајноста на работата на секој ученик поодделно.

На натпреварот учествуваа вкупно 28 ученици. Од учениците кои учествуваа, 6 беа со физичко присуство, а 22 ученика се приклучија онлајн.
Натпреварот течеше во пријатна атмосфеара и беше успешно реализиран. Од учениците кои учествуваа на натпреварот места освоија следните ученици:

1,2 и 3 одд.:

1. Бојана Манчевска 2б одд. – 1 место
2. Војдан Ѓуроски Јовановски 2г одд. – 1 место
3. Марко Јанковски 2б одд. – 1 место
4. Лена Бојаровска 2б одд. – 1 место
5. Михаил Петров 2в одд. – 1 место
6. Давид Златановски 2б одд. – 1 место
7. Павел Јовчевски 2б одд. – 1 место
8. Аполонија Иловска 2в одд. – 1 место
9. Мила Томиќ Атанасовски 2г одд. – 2 место
10. Стефан Крстев 2г одд. – 3 место
11. Павел Миланов 3г одд. – 1 место
12. Милан Спасевски 3б одд. – 2 место
13. Мелани Блажевска 3г одд. – 3 место
14. Вероника Кракутовска 3г одд. – 3 место

4 и 5 одд.:

1. Нела Ацковска 4а одд. – 1 место
2. Јована Јанчиќ 4а одд. – 3 место
3. Лина Петрушевски 5в одд. – 1 место
4. Анастасија Димовска 5а одд. – 1 место
5. Михаил Георгиевски 5г одд. – 1 место
6. Мелани Николова 5а одд. – 1 место
7. Ана Бошевска 5а одд. – 2 место
8. Калина Трпчевска 5б одд. – 2 место
9. Мила Трајковска 5г одд. – 2 место

За сите ученици кои освоија места веќе се доставени електронски дипломи, а во периодот што следи истите ќе им бидат доставени и во печатена форма од страна на организаторите на КЕНГУР 2021 и Природо-математичкото здружение АРМАГАНКА.

Државен натпревар по природни науки

На 12 јуни, 2021г. се одржа Државен натпревар по природни науки кој беше организиран од страна на Македонското биолошко друштво и беше реализиран во Природно-математичкиот факултет во Скопје, со физичко присуство. На овој натпревар активно учество зедоа учениците од 4б одделение, под менторство на м-р Анетка Трајкова, одделенски наставник, а беа постигнати следните резултати:

1. Максим Маринковиќ – 3 награда (25 бода)
2. Никола Демјански – пофалница (21 бод)
3. Петар Цветкоски – учество (13 бода)

27 октомври, 2021 година -
100 години од раѓањето на Стеван Стив Наумов

Учениците и наставниците положија свежо цвеќе на бистата на Стив Наумов – патронот на нашето училиште

На 27 октомври, пред сто години, во Битола е роден Стеван Наумов – Стив, наш народен херој кој со своите херојски дела, воден од големата љубов кон татковината, на страниците на нашата историја испиша еден важен и неизбришлив дел кој до ден денес нѐ мотивира и нѐ поттикнува да се загледаме длабоко во себе, да ги досегнеме своите корени и гордо да застанеме пред сите предизвици на иднината. За животот и херојството на Стив Наумов (1920 – 1942) може да се говори многу, а големината на неговата личност е уште повеличенствена со фактот што за релативно кратко време, како еден надежен студент и перспективен младинец, храбро застанал во одбрана на својата татковина против окупаторот, одлучно следејќи го примерот на храбрите предци не штедејќи го ниту својот живот, ниту својата иднина, така што несебично се предал на вителот на борбата и согледувајќи дека крајот е неизбежен, во последен момент, заедно со својот другар Мите Богоев, херојски ги положуваат своите млади животи на темелите на големата надеж за ослободување на саканата родна земја. денес, ние гордо го славиме споменот на Стив Наумов и заедно со неговите потомци имаме чест, како основно училиште, секоја година, на роденденот на овој великан да го славиме денот на нашето основно училиште „Стив Наумов“ и да се сеќаваме на големината на оваа несекојдневна и голема личност.

Денот на нашето училиште - **нашиот патронен празник**

Токму на стогодишнината од раѓањето на Стив Наумов, народен херој и наш патрон, нашето училиште и оваа година традиционално го одбележа овој ден со пригодни активности во кои учество зедоа сите, како учениците, така и целокупниот кадар на училиштето, а при тоа гости ни беа и потомците на Стив Наумов, кои во чест на овој наш великан со огромно задоволство го посетија нашето училиште, оддадоа почит и положија свежо цвеќе на бистата на Стив Наумов. Исто така и директорот и членови на колективот на нашето училиште, како и ученици заедно со своите наставници оддадоа почит и положија свежо цвеќе на бистата на нашиот патрон.

Воедно, традиционално, и оваа година беа истакнати и наградени вработени во нашето училиште, членови на СОНК, кои бележат јубилеен стаж, одржано согласно предвидените мерки и протоколи во однос на глобалната ситуација со пандемијата.

Одбележување на патрониот празник на училиштето, а воедно и стогодишнината од раѓањето на Стив Наумов

Стеван Стив Наумов - **нашиот херој**



Името Стив Наумов 70 години стои испишано на нашето училиште, а училиштето со гордост го носи ова име на народниот херој. Меѓу водечките, врвни организатори на херојски борби е и Стеван Наумов - Стив. Роден во далечната и богата со национални превирања, 1920 година. Основното образование го започнал во Битола, а неговата надареност за наука, музика и сликарство не останала незабележана.

Во 1938 год., по успешното завршување на гимназијата, се запишал на Техничкиот факултет во Белград каде што веднаш му пристапил на напредното работничко движење, поради што често бил затворан. Во 1939 година станал член на КПЈ, а по враќањето во Битола во септември 1940 год. бил избран за секретар на месниот комитет на КПЈ во Битола. Во април 1942 год. учествувал во формирањето на Битолскиот партизански одред „Пелистер“, а воедно го редактирал весникот „Билтен“. Опколен од бугарската полиција се самоубива заедно со Димитар Богоевски во ресенското село Болно на 12.09.1942 година. На големината на овие храбри борци не останува рамнодушен ниту бугарскиот окупатор, па на суров и нечовечки начин се обидува нивните млади животи и споменот за нив да ги избрише од страниците на времето.

Дека тоа не им успева говорат повеќе факти - по завршување на виорот на Втората светска војна на 29 јули 1945 година Стеван Наумов - Стив е прогласен за народен херој на тогашна Југославија. Денес родната куќа на Стеван Наумов - Стив во Битола е претворена во музеј. Во чест на овој народен херој во нашата држава, три основни училишта го носат името Стив Наумов, меѓу кои едно од нив е и нашето училиште.



Конкурс под мото -
„Детскиот свет – лулка на надежта и среќата“

Учениците од нашето училиште зедоа активно учество на конкурсот

Во чест на патрониот празник, оваа година беше организиран литературен и ликовен конкурс за учениците од одделенска и предметна настава под мото **„Детскиот свет – лулка на надежта и среќата“** на кој од страна на жири комисијата беа избрани и наградени најдобрите литературни и ликовни творби. На литературниот конкурс наградени ученици од одделенска настава се:

Марко Петровски 5б - прво место
Марија Спасеска 5г - прво место
Никола Демјански 4б - второ место
Стела Поповска 5в - второ место
Јана Јовановиќ 3б - трето место
Петар Цветкоски 4б - трето место

На литературниот конкурс, наградени ученици од предметна настава се:

Јована Јовевска 9а – прво место
Марко Ѓуроски 8б – второ место
Ангела Маназиева 7б – второ место
Васко Папалиски 6а – трето место

На ликовниот конкурс наградени ученици од одделенска настава се :

Дарија Губериниќ 3а – прво место
Ива Стефковска 4а – второ место
Виктор Спасевски 4б – трето место

А од предметна настава, исто така на ликовниот конкурс, наградени се следните ученици:

Сара Стефановска 8в – прво место
Лина Теова 7а – второ место
Ирина Стојановска 8в – трето место

Детскиот свет е радост за сите,
срцето полно од радост им чука.
Маалото наше со нетрпение чека
деца мали со среќни лица повторно
да ги гали.

Детскиот свет е кутија полна
со сништа и желби.
Секое дете
безгрижно да шета
во светот детски
исполнет со смеа и песна.
Надежта детска, голема ко море
виножито да гледа, змеј да лета,
во срцата наши радоста да цвета.

Со надеж за радост и среќа
рацете ги ширам
во мојата прегратка
сите да ги смирам,
сите да ги стоплам.

Марија Спасеска 5г одд. – прво место

Наградени ученици -
Ликовен конкурс, одделенска и предметна настава

Mirjam Nilsson



Дарија од 3а одд. и Сара од 8а одд. освоија прво место на ликовниот конкурс

Соработка помеѓу наставниците и учениците во нашето училиште со цел збогатување и унапредување на знаењата и вештините

Проекти и соработки - наставници + ученици

Спортски активности во нашето училиште

Спортски активности – Општина „Гази Баба“, во училишната сала на ООУ „Стив Наумов“ во Скопје, беше домаќин на показен и работен тренинг, во организација на Кошаркарската федерација на Македонија (КФСМ) како дел од проектот на ФИБА (Федерација на меѓународни кошаркарски асоцијации) Европа наменет за популаризација на женската кошарка, под наслов „Her world, her rules“, со девојчиња на седум и осум годишна возраст.

Наставници од нашето училиште кои беа дел од овој тренинг се Виолета Радулова, Марјан Трајковски и Дарко Димитриевиќ, кои на овој настан му дадоа особен белег и значење, не само во однос на тоа колкава е важноста на спортот туку и колку спортувањето придонесува во унапредувањето и зачувувањето на човековото здравје.

Учиме англиски – интересно и брзо

На каков начин се спроведуваат онлајн активностите во нашето училиште, особено во изучувањето и совладувањето на англискиот јазик, ќе се запознаете во нашиот прилог кој говори за ентузијазмот и неуморната работа првенствено на Благица Блажеска, наставник по англиски јазик во нашето училиште, но и сите ученици кои учествуваат и кои и покрај условите во кои сите генерално се наоѓаме, имаат ентузијастички пристап кон оваа материја која во суштина се издвојува како исклучително важна и потребна за иднината.

Нашите ученици се дел од еден голем европски проект, а тоа се случува во текот на целата учебна година, при што интересно е да се наведе дека изучувањето на англискиот јазик се одвива на природен и спонтан начин при комуникација со родени говорители на англискиот јазик, преку разни интересни активности и задачи и интересен начин на стекнување навика за користење на странскиот јазик. Link Online Learners е програма која влезе во вториот круг на селекција за најдобра образовна дигитална иновација на ELTons 2021 Innovation Awards во организација на Британскиот совет, а исто така е поставена на платформата на HundrED како образовна иновација со можност да биде селектирана како една од најинспиративните иновации за 2021 година. Во продолжение е линкот преку кој можете да се вклучите во овој меѓународен проект:https://hundred.org/en/innovations/link-online-learners#a7b7eb95

Математичка работилница

Во периодот од 27 февруари до13 март 2021 година, на иницијатива на Ученичкиот парламент од нашето училиште, online - преку платформата на училиштето, беше организирана математичка работилница, поконкретно во организација на: Училишниот колектив, Ученичкиот парламент, Тане Вурмо – наставник по математика и Здравко Цветковски. Целта на оваа работилница беше подготовка на учениците од основното училиште „Стив Наумов“ од Скопје кои оваа година учествуваа на натпреварите по математика и сите оние ученици кои покажуваа особен интерес кон математиката. Предавањата беа реализирани во две групи: ученици од 4-то, 5-то и 6-то одделение во една група и ученици од 7-то, 8-то и 9-то одделение во друга група. Секако, доколку и во иднина се појави потреба и интерес за дополнителни и проширени знаења од математиката, ваквите работилници во нашето училиште ќе бидат почесто организирани.



#we're team - we're #1! #end of story

Натпревари - #we're team, we're #1

Општински натпревар по англиски јазик

На 20 март, 2021 година се одржа Општински натпревар по англиски јазик на кој зедоа учество ученици од нашето училиште. Во прилог се учениците кои постигнаа успех на истиот:

Ана Аџиска 6б - прво место
Иван Балгуров 6а - второ место
Миа Илкова 7г - прво место
Петар Готиќ 7б - второ место
Димитар Аспровски 8б - прво место
Лела Савевска 8в - прво место
Дела Додевска 9б - прво место
Леонид Короскоски 5в- прво место
Мелани Николова 5а- трето место

Овие десет ученици од нашето училиште во соработка со наставниците ментори Бојана Митевска, Татјана Арсова и Благица Блажеска, постигнаа навистина одлични резултати и продолжуваат да се натпреваруваат на државниот натпревар.

Општински натпревар по географија

На Општинскиот натпревар по географија во организација на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ се одржа на 13 март, 2021 година (сабота), во 14 часот. Овогодинешните натпревари се реализираат на тема „Географија на Европа“. Нашето училиште го преставуваше ученичката Елена Крстева од 8в одделение под водство на ментор м-р Марина Грамова и го освои третото место со освоени 95 поени. Со тоа ученичката обезбеди пласман и учество на регионалниот натпревар.

Регионален натпревар по географија

На Регионалниот натпревар по географија за ученици од Основните Училишта, 2021 година, во организација на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ се одржа на 4 април 2021 година (недела), во 11 часот.
На годинешните Регионални натпревари учествуваа 154 ученици користејќи ја националната платформа за далечинско учење MS Teams. Нашето училиште го преставуваше ученичката Елена Крстева под водство на ментор м-р Марина Грамова и го освои 87,5 поени. Со тоа ученичката обезбеди пласман и учество на државниот натпревар кој ќе се одржи на 15 мај 2021 година.

Составен дел од секојдневието на нашето училиште секако се натпреварите на кои учествуваат многу од нашите ученици при што заслужено освојуваат места и награди, што е јасен показател дека воспитно-образовниот процес се одвива сосема успешно, а усвоените знаења за секој ученик останууваат трајна вредност и богатство од информации кои секако ќе послужат во натамошото градење на личноста. Ова се нашите успеси за кои се надеваме дека ќе поттикнат уште поголем интерес и желба за усвојување на нови знаења, но и за градењето на интелектуалниот дух кај децата кои секако се наша иднина, а ние, како одминува времето, со задоволство ќе се приклучиме кон нивното современо гледиште на светот исто како и генерациите кои ни претходеле.

Секоја година нашето училиште е дел од разни натпревари кои се организираат не само на општинско и регионално, туку и на државно и меѓународно ниво, а кога станува збор за освоените места, едноставно, за нас тоа е неизбежен дел, на што особено се гордееме и докажуваме дека тимскиот дух и желбата за знаење и работа секогаш донесува значајни резултати, дури и во услови на пандемија и lockdown во светски рамки.
Натпреварите навистина се една од нашите силни страни, без разлика на возраста или условите.

#we love school #we love knowledge



#we’re team - we’re #1! #end of story

Натпревари - #we’re team, we’re #1

Општински натпревар по математика

На 20 февруари, 2021 (сабота), on-line, со почеток во 10ч се одржа општински натпревар по математика на кој учествуваа ученици од 4 до 9 одделение од нашето училиште.
Ментори на учениците беа: Даниела Моневска, Олгица Ристовска, Тане Вурмо, Елена Боневска, Тања Гигова, Елизабета Каранфилова, Анетка Трајкова и Ана Ристовска.
На натпреварот учениците ги постигнаа следните резултати и освоени места (награди): 10 први награди, четири втора награда, три трети награди и две пофалници:

Никола Демјански, 4 одделение – 1 место
Максим Маринковиќ, 4 одделение – 1 место
Петар Ѓорѓиевски, 4 одделение – 3 место
Дамјан Николоски, 4 одделение – 2 место
Лука Терзиќ, 4 одделение – пофалница
Лука Милошевски, 5 одделение – 1 место
Калина Трпчевска, 5 одделение – 1 место
Марко Бојаровски, 5 одделение – 1 место
Мелани Николова, 5 одделение – 1 место
Ана Бошевска, 5 одделение – 1 место
Давид Конески, 5 одделение – 2 место
Лина Петрушевска, 5 одделение – 3 место
Стефан Мишевски, 6 одделение – 1 место
Милан Стојчевски, 6 одделение – 2 место
Ангела Боева, 7 одделение – 3 место
Ѓорѓи Цветковски, 7 одделение – 1 место
Даниел Чобанов, 7 одделение – пофалница
Методија Златановски, 8 одд. – 1 место
Јована Јовевска, 9 одделение – 2 место

Регионален натпревар по математика

На ден 13 март, 2021 (сабота) , online, со почеток од 10ч, се одржа регионален натпревар по математика на кој учествуваа ученици од 4 до 9 одделение од нашето училиште. Ментори на учениците беа: Даниела Моневска, Олгица Ристовска, Тане Вурмо, Елизабета Каранфилова, Елена Боневска, Тања Гигова. Учениците од ООУ „Стив Наумов“ на натпреварот ги постигнаа следните резултати и освоените места (награди): 9 први награди, 3 втора награда, 2 трети награди и 2 пофалници:

Методија Златановски, 8 одделение – 1 место
Ѓорѓи Цветковски, 7 одделение – 1 место
Ангела Боева, 7 одделение – пофалница
Стефан Мишевски, 6 одделение – 1 место
Милан Стојчевски, 6 одделение – 1 место
Ана Бошевска, 5 одделение – 1 место
Мелани Николова, 5 одделение – 3 место
Лука Милошевски, 5 одделение – 1 место
Калина Трпчевска, 5 одделение – 2 место
Лина Петрушевска, 5 одделение – 1 место
Марко Бојаровски, 5 одделение – 2 место
Давид Конески, 5 одделение – 3 место
Никола Демјански, 4 одделение – 1 место
Максим Маринковиќ, 4 одделение – 1 место
Петар Ѓорѓиевски, 4 одделение – пофалница
Лука Терзиќ, 4 одделение – 2 место
Учениците Методија Златановски, Ѓорѓи Цветковски, Стефан Мишевски и Милан Стојчевски ↓

Регионален натпревар по природни науки

На 14 мај, 2021 година во 13ч се одржа Регионален натпревар по природни науки. Натпреварот беше организиран од Македонско биолошко друштво и истиот се спроведе онлајн (Classmarker). Од нашето училиште активно учество земаа учениците од 4б одделение под менторство на Анетка Трајкова, одделенски наставник и ги постигнаа следните резултати:

Никола Демјански, 47 бодови – 1 награда
Максим Маринковиќ, 46 бодови – 1 награда
Петар Цветкоски, 42 бодови – 2 награда

Учениците ќе учествуваат на државниот натпревар по природни науки којшто ќе се одржи на 12 јуни, 2021 год. Државниот натпревар по природни науки ќе се спроведе на Природно-математичкиот факултет во Скопје со физичко присуство на учесниците.

Општински натпревар по природни науки

На 16 април, 2021 година, 15ч се одржа Општински натпревар по природни науки. Натпреварот беше организиран од Македонско биолошко друштво и истиот се спроведе онлајн (Classmarker). Од нашето училиште активно учество земаа учениците од 4 одделение, под менторство на одделенските наставници Анетка Трајкова и Руменка Дејанова и ги постигнаа следните резултати:
Никола Демјански 4б одд., 47 бодови - I критериум, 1 награда
Максим Маринковиќ 4б одд., 44 бода - II критериум, 2 награда
Петар Цветкоски 4б одд., 43 бода - II критериум, 2 награда
Злата Милошевска 4б одд., 30 бода – пофалница
Петар Ѓорѓиевски 4б одд. 28 бода – учество
Михаела Чадиноска 4а одд., 25 бода - учество

#we love school #we love knowledge

#we’re team - we’re #1! #end of story

Натпревари - #we’re team, we’re #1

↓
обезбедија учество на државниот натпревар по математика кој ќе се одржи на 8 и 9 мај, со физичко присуство, според Ковид – 19 протоколите во просториите на Природно-математичкиот факултет.

Учеството на националниот натпревар „Европски квиз на пари“

Македонската банкарска асоцијација следејќи го примерот на другите европски земји, по трет пат го организира националниот натпревар „Европски квиз на пари“ на 24 март, 2021г. (среда), во 13ч, на македонски јазик. „Европскиот квиз на пари“ во услови на корона криза се спроведе на начин различен од претходно утврдениот, со тоа што право да се натпреваруваат имаат учениците од класовите пријавени на јавниот повик објавен од страна на Македонската банкарска асоцијација, во јануари 2021г., истите ќе се натпреваруваат online (од дома), а секој тим (составен од двајца ученици) ќе се најави со пинот даден од страна на Банкарската асоцијација. Натпреварот ќе се одржи преку електронската платформа Kahoot!, со емитување на натпреварот преку официјалниот Youtube канал на Kahoot!. Сите прашања ќе бидат со понудени одговори од кои само еден е точен, а освен точноста на одговорите, ќе се калкулира и бразината на натпреварувачот при одговарањето. Од нашето училиште и оваа учебна година беа пријавени вкупно 48 ученици од 8 одделение под менторство на Олгица Ристовска и Даниела Моневска, наставници по математика. Пријавувањето на учениците беше на 01 февруари, 2021г., а на учениците веќе им беа посочени материјали за учење и во соработка со менторите дискутираа и усвојуваа знаења од областа на банкарството, осигурувањето, депозити, кредити и кредитни картички. Целта на натпреварот и на проектот воопшто е подигнување на финансиската едукација кај ученици од 13 до 15 години.

На 25 февруари, 2021г., преку платформата Webex се одржа работна средба за подготовка за натпреварот „Европски квиз на пари“ со наставниците и професорите координатори од основните и средните училишта кои се пријавија за учество. На 15 март, 2021г. беше извршено пријавување на тимови за натпреварот „Европски квиз на пари“. Поради настанатата вонредна ситуација учењето се реализира online со учење од дома. На 13 март, 2021г., преку платформата Webex, учениците заедно со своите ментори учествуваа на едукативен настан по повод „Европски квиз на пари“. На 22 март, 2021г., Македонската банкарска асоцијација достави список со шифри (nickname) за ЕКП за сите учесници. На националниот натпревар „Европски квиз на пари“ кој се оддржа на 24.03.2021г. (среда), во 13:00ч, на македонски јазик, пријавени беа следниве ученици:

Јана Петровска
Стефанија Петковска
Дина Тахир Богатиновска
Сања Трајчевска
Тамара Јовевска ↓

Општински натпревар по хемија

На општинскиот натпревар по хемија за учебната 2020/2021 година, во организација на Сојуз на хемичари и технолози на Македонија кој се одржа на 07мај, 2021 во 12ч, нашето училиште го претставуваа ученичките Јована Јовевска од 9а и Дела Додевска од 9б одделение, под водство на метор Соња Цветкоска, наставник по хемија и ги освоија следниве места:

Јована Јовевска 9а одделение – 1 место
Дела Додевска 9б одделение – 3 место

Со тоа ученичките обезбедија пласман и учество на регионалниот натпревар кој ќе се одржи на 28 мај, 2021 година.

Тамара Василевска го освои третото место на државниот натпревар по информатичко размислување

На Државниот натпревар по информатичко размислување организиран од страна на Здружението на информатичарите на РСМ, нашата ученичка Тамара Василевска од 4в одделение освои трето место.

Државен натпревар по географија

На државниот натпревар по географија 2021 година, во организација на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“, се одржа на 29 мај, 2021 година (сабота), во 11ч во просториите на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

На државниот натпревар учествуваа 112 натпреварувачи од целата земја. Нашето училиште го преставуваше ученичката Елена Крстева под водство на ментор м-р Марина Грамова. На 04 јуни, 2021 година (петок) се доделија дипомите, пофалниците и наградите за ученици, ментори и училишта од Државниот натпревар по географија за 2020/2021 година. Ученичката Елена Крстева доби пофалница за учество на Државниот натпревар.



#we’re team - we’re #1! #end of story

Натпревари - #we’re team, we’re #1

↓
Деница Лотеска
Михаил Трајчевски
Марко Станковски
Андреј Јанкуловски
Иван Анастасов

На натпреварот учествуваа 1622 ученици (811 тимови) на возраст од 13 до 15 години од повеќе основи и средни училишта од целата држава. Најдобро пласираниот тим од нашето училиште го освои 63 -то место.
Координатори и ментори на натпреварот: Олгица Ристовска и Даниела Моневска.

Натпревар на младите техничари и природници - „Освојуваме нови знаења“

Организацијата Народна техника на град Скопје, Сојузот на клубови на младите техничари и природници и Здружението на наставници по Техничко образование во рамките на своите активности и оваа година по 61-ви пат ја организираа традиционалната манифестација, Натпревар на младите техничари и природници, позната под името „Освојуваме нови знаења“.

Во рамките на оваа манифестација, учениците од основните училишта во градот се натпреварува во 23 натпреварувачки дисциплини по природната група предмети, застапени низ редовните активности во училиштата и техничките дисциплини што се изведуваат низ наставните содржини на предметот „Техничко образование” и вонучилишните активности кои се реализираат во рамките на Клубовите на младите техничари и природници, што делуваат во Основните училишта. Во натпреварувачките области од техничката и природната група предмети, учениците се натпреваруваат во одбрана на домашен труд, а претставуваа макета, модел или натпреварувачки труд, доколку се работи за природната група предмети. Поради актуелната ситуација со Коронавирусот и почитување на протоколот за заштита, 61-от регионален натпревар на младите техничари и природници на Скопје, се одржа онлајн во периодот од 22 до 31 март, 2021г.

На натпреварот учествуваше ученикот Максим Петков од 8в одделение, област Електроника, кому ментор му беше Даниела Моневска, како претставник од нашето училиштекој освои 100 поени и 1 место.

Регионален натпревар по англиски јазик

На регионалниот натпревар по англиски јазик нашите ученици го постигнаа следниот успех:
Ана Ациска 6б – прво место
Иван Балгуров 6а – второ место
Миа Илкова 7г – прво место
Петар Готиќ 7б – второ место
Димитар Аспровски 8б – прво место
Лела Савевска 8в – прво место
Дела Додевска 9б – прво место
Моника Стојановска 9г – трето место
Леонид Короскоски 5в – прво место
Мелани Николова 5а – трето место

Наставници ментори беа Бојана Митевска, Татјана Арсова и Благица Блажеска.
Овие десет ученици од нашето продолжуваат да се натпреваруваат на државниот натпревар.

Регионален натпревар по хемија

На регинални от натпревар по хемија за учебната 2020/21 година,во организација на Сојуз на хемичари и технолози на Македонија кој се одржа на 28 мај, 2021 во 12часот, нашето училиште го претставуваа ученичките Јована Јовевска од 9а и Дела Додевска од 9б под водство на ментор Соња Цветкоска – наставник по хемија и ги освоија следниве места:

Јована Јовевска 9а – прво место (со максимален број поени – 30 поени)

Дела Додевска 9б – пофалница (со 20.5 поени)

Ученичката Јована Јовевска воедно обезбеди пласман и учество на државниот натпревар кој ќе се одржи на 16.06.2021 година.

Државен натпревар по Народна техника

На државниот натпревар по Народна техника, во областа електроника, ученикот Максим Петков од 8в одделение го освои првото место со сите поени.

„Стоп за корупција – ја разјадува довербата, ја руши демократијата“

Наши таленти - **од нас за вас**

Конкурс на тема: „Стоп за корупција-ја разјадува довербата, ја руши демократијата“

Проектот „Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“ има за цел да воспостави вредносен систем, кој ќе ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување. Како дел од програмата за Антикорупциска едукација за учениците во нашето училиште беше објавен литературен и ликовен конкурс на тема : „Стоп за корупција-ја разјадува довербата, ја руши демократијата“. Наградени ученици на ликовниот конкурс се:
Магдалена Велковска, 9г одделение – 1 место
Ева Стојановска, 9г одделение – 2 место
Роберт Тасевски, 7б одделение – 3 место

Наградени ученици на литературниот конкурс:

Ангела Алачки, 9б одделение – 1 место
Стоп за корупција-ја разјадува довербата, ја руши демократијата

„Децата и возрасните на различен начин ја толкуваат корупцијата, но сега ќе гледаме од аспект на дете кое чекори по патот да стане возрасен.
Корупцијата е голем и широк поим, можеби не поголем и не поширок од светот на возрасните, но доволен за да се развива во него. Карактерот на еден човек се формира уште од неговото раѓање и се надоградува во текот на целиот негов живот. Јас гледам на корупцијата како прекршување на законите, омаловажување на успешните или желба за власт и владеење со плаќање на одредена сума пари. Низ векови наназад, со демократизирањето на земјите, луѓето кои се залагале и верувам има такви кои се уште вистински се залагаат за почитување на меѓународното право, од правен и етички аспект го дефинирале овој поим. Сигурно и во минатото имало корупција, но ние, денешните генерации сме сведоци на масовни корумпирани системи во сите сфери на општеството. Менталитетот и размислувањето на денешните политичари налага желба за власт и неправедно кратење од буџетот на граѓаните употребувајќи го за нивни сопствни цели. Овде ќе се надовржам и на актуелната состојба со вирусот, кој од ден на ден ги одзема животите на многу луѓе со здравствени проблеми. Ви се верува ли дека луѓе кои немаат доволно пари или врски во повисоките служби на медицината и политиката не можат да ја добијат потребната здравствена нега и ги губат животите. Светот е пред еколошка катастрофа. Многу езера и реки пресушуваат. Еден ден светот ќе се соочи со криза поради недостаток од вода и тогаш повторно оние луѓе кои имаат малку повеќе пари од оние просечните ќе можат да преживеат. Луѓе денес плаќаат за оценки и дипломи, бараат врски за да го завршат факултетот. Покрај толку млади и талентирани кадри кои со својот капацитет и квалитет можат да придонесат за развиток на светот, зарем ние ќе дозволиме необразувани доктори да не лекуваат или некој што преку врски „положил“ да не вози со кола… Новите генерации се иднината на светот, ние сме иднината на светот и нема да дозволиме корупцијата да продолжи да зазема уште поголем замав. Ако го промениме јавното мислење и им укажеме на младите дека со корупцијата не можат да остварат придобивки, ниту за себе ниту за светот, многу работи ќе се сменат. Корупцијата не само што и се спротиставува на демократијата, туку и ги намалува шансите за подобро утре на светот.“

„Стоп за корупција – ја разјадува довербата, ја руши демократијата“

Наши таленти - **од нас за вас**

Конкурс на тема: „Стоп за корупција-ја разјадува довербата, ја руши демократијата“

Живееме во свет каде гордоста се купува со пари. Каде сè има цена, каде материјалното го засенува духовното, ја руши демократијата. Поигрувајќи си со нечијата безбедност, ставајќи ги сопствените потреби пред останатите,нè доведува до еден безизлезен лавиринт. Вид на модерен криминал кој толку брзо ги открива нечиите намери и го прегазува карактерот на една установа. Корупцијата ја дефинираме како полесен вид на кражба и подмитување. Освен злоупотребувањето на довербата на народ, но и на својата службена положба, со цел незаконска придобивка. Безброј млади ентузијастички умови,за жал ,ја немаат привилегијата да бидат дел од темелот на една успешна заедница. Битката против корупцијата претставува вистински предизвик во заедница, каде што моралот и

Моника Стојановска, 9г одделение – 2 место

Стоп за корупција-ја разјадува довербата, ја руши демократијата

„Зарем постои цена, доволно примамлива, човековата гордост да се продаде? Посегнатата, никогаш задоволена рака, онака студено, си дозволува да се препушти на ниските денешни страсти, диктирани од пропустите во општеството. Не постои цена за која човекот би си ги прегазил достоинството и честа, непромислено и ладнокрвно да ја фрли во неврат довербата по која многумина копнеат. Моментот кога ќе разберат дека никогаш повторно нема да ја имаат довербата од човекот, чиј поглед кон светот е само невино светло, тие гаснат. Живееме во општество каде секој човек има свои права

и одговорности. Себичност на една индивидуа, поддржана масовно од корумпирани функционери, ја злоупотребуваат довербата на обичниот народ. Живееме во илузија, една слатка лага која зад себе носи горка вистина, живееме во време каде што сите сме еднакви и секој си го знае своето место. Животот во такво општество е само едналага. Ја градиш довербата на народот кој зависи од тебе, а потребен е само еден погрешен чекор и препуштање на лакомоста и за миг ја губиш човековата доблест. По тој чекор никогаш повеќе нема да бидеш погледнат со истите очи на луѓето. Секојдневно „преживуваме “ во свет, корумпиран од толпа луѓе,чекајќи го својот ред да ја платат казната.

соживотот треба да надвладее. Човековите ниски стандарди секојдневно влеваат несигурност кај граѓаните, ја прегазуваат и нивната доверба. Живееме во период каде одредена парична сума го движи светот.Ние младите се развиваме со помислата дека еден ден ќе застанеме пред оваа неправда. Сето тоа може да се спречи, но прашањето е дали навистина можеме и дали сакаме. Дали ќе собереме сили да проговориме и да се освестиме, додека денешните постапки сè уште не ни удриле „шлаканица” ини оставаатрајни последици? Корумпирано општество е продадено општество кое не гледа иднина. Корумпиран работник, но и сите ние кои премолчуваме, само вртејќи го погледот на друга страна, не размислувајќи во поширок размер, ја поддржуваме корупцијата, а ги потиснуваме нашите лични ставови.

Идеалите и чистиот морал на принципиелните генерации во кои корупцијата не зазема место, сенашата иднина. Достоинството и човечноста, да си ги вратиме. Непроценливи се и гордоста и честото име кои ги оставаме зад себе. Борбата против корупцијата и корумпираните работници е всушност свест на еден народ. И токму кога ќе се ослободиме од тие комплексни особини, ќе ја добиеме битката, ќе живееме во општество кое го посакуваме.“

„Стоп за корупција – ја разјадува довербата, ја руши демократијата“

Наши таленти -
од нас за вас

Конкурс на тема: „Стоп за корупција-ја разјадува довербата, ја руши демократијата“

Мина Гапковска, 8г одделение – 3 место

Стоп за корупција-ја разјадува довербата, ја руши демократијата

„Корупцијата претставува еден од најголемите и најтешките проблеми со кои се соочуваме во нашето општество. Таа толку многу е навлезена во сите сфери од животот на човекот што станува нормална појава.Сите ние сме сведоци на многу примери кои сведочат за нејзиното постоење. Безброј пати во многу ситуации сме останале разочарани, изманипулирани, па дури и навредени како резултат на оваа деструктивна појава. Најмногу ме иритира и разочарува корупцијата во образованието. Ја има во многу облици: доделување на повисоки и незаслужени оценки, фаворизирање на послаби ученици поради високиот статус на нивните родители во општеството, полагање на испити за пари, партиски вработувања во училиштата без оглед на стручноста, добивање место во студентските домови иако не се исполнуваат условите, упис на факултет со помош на т.н. врски и уште безброј вакви примери. За жал на овој начин свесно се губи довербата кај младите умови, а желбата за успех и напредок се намалува. Голем дел од нив се одлучуваат да заминат надвор од својата земја каде што ќе се цени нивниот квалитет. Поразителен е фактот што на оние кои со помош на пријатели и пари го завршиле образованието ќе им се даде поголема привилегија и поубаво работно место, а за сметка на тоа ќе трпи образовниот систем кој наместо да се развива ќе се уназадува. Сето ова се случува пред нашите очи, но како сите да сме слепи и да не го гледаме тоа. Немаме глас и моќ сами не можеме да се спротивставиме на овој систем. Ова е проблем на глобално ниво и се одвиваат големи дискусии и кампањи за намалување на корупцијата. Да се надеваме на поголеми резултати во иднина во решавањето на овој проблем. А дотогаш нашата уникатност, способност, нашите квалификации нека не водат по вистинскиот пат и така нема да дозволиме корупцијата да не обесхрабри.“

КРЕАТИВНОСТ - **без граници**

Први март – Баба Марта

Мартинките се дел од културниот идентитет на македонскиот народ, но и дел и од традицијата на неколку други народи од Балканот, што е заедничка нишка што го поврзува овој дел од Европа.
Македонците ја почитувале и негувале традицијата за носење и правење мартинки. Во класичниот изглед мартинката претставува засукан бел и црвен конец, најчесто волнен. Боите имаат строго определена смисла: црвено – крв, живот; бело – чистота, среќа. Се подарува на Први март во чест на Баба Марта и се носи околу рака или закачена на облеката се додека расцвета првото дрво. Потоа се закачува на него со желби за сопственото и за добро здравје на своите блиски во тековната година.



1-ви Април – се шегуваме... креативно

Како и секоја година, така и оваа, учениците од нашето училиште го одбележаа 1-ви Април – денот на шегата и на креативен начин се пошегуваа овој ден. Имавме можност да погледнеме многу идеи во вид на маски во кои учениците го поминаа денот во училиште и заедно со своите наставници, но и маски со кои овој весел ден го направија уште поубав учениците кои наставата ја следат од дома.

Традиционално секоја година во просториите на општина "Гази Баба" се организира изложба и избор на најдобра креација на паноа со најубави мартинки, во која зема учество и нашето училиште ООУ „Стив Наумов" – Скопје. Учениците ги изразија своите креативни идеи и способности. Најуспешните беа однесени во општината Гази Баба. Останатите мартинки беа изложени на училишното пано.

Подготвил: Руменка Дејанова – одделенски наставник

КРЕАТИВНОСТ - **без граници**

Сончевиот систем – центар на нашата креативност

Како што природата не окружува со сета своја убавина и раскошност, како што таа беспоштедно нè учи и поучува како да се живее правилно, каде е нашето место како луѓе и која и колкава е нашата улога во неа како нејзин нераскинлив дел, а единствено нешто што не издвојува во животинскиот свет е свеста, така таа ни кажува дека постои нешто над нас, нешто огромно и величенствено – Универзумот, за којшто сме свесни и постојано ја бранува нашата љубопитност. Дел од Универзумот сме сите ние кои сме тука на Планетата Земја, со се што не окружува, онаму каде што живееме и каде што влијаеме. Сончевиот систем претставува бескрајна инспирација за сите нас и често е центар на нашата креативност. Така, учениците од 2а одделение својата креативност ја покажаа со изработките на Сончевиот систем.



Еко катче -
ја сакам природата... и таа ме сака мене

„Денот на планетата Земја“ во нашето училиште

Денот на планетата Земја е годишен настан на 22 април за да се демонстрира поддршка за заштита на животната средина. За прв пат одржан на 22 април, 1970 година, сега вклучува широк спектар на настани координирани на глобално ниво од EARTHDAY.ORG (поранешна мрежа на Денот на планетата Земја) и вклучува 1 милијарда луѓе во повеќе од 193 земји.
Во 1969г. на Конференцијата на УНЕСКО во Сан Франциско, Џон Меконел, активист за мир, предложил да се одбележува ден во чест на планетата земја заедно со концептот на мирот, за прв пат на 21 март 1970г., односно првиот ден на пролетта на северната хемисфера. Овој ден на рамнотежата на природата подоцна бил санкциониран во прокламацијата напишана од Меконел и потпишана од генералниот секретар на Обединетите нации.

Еден месец подоцна, сенаторот на Соединетите Држави, Гејлорд Нелсон, ја предложил идејата да се одржи национална настава за животната средина на 22 април 1970г. и за таа цел како национален координатор бил ангажиран младиот активист Денис Хејс. Подоцна, од страна на Нелсон и Хејс, овој настан бил преименуван во „Денот на планетата Земја“. За таа цел, Хејс и неговиот персонал го зголемиле настанот надвор од првичната идеја за настава со тоа што требало да се вклучат сите жители на САД. Оттука, повеќе од 20 милиони луѓе излегле на улиците, а првиот „Ден на планетата Земја“ до денес е запомнет како најголемиот единствен протест во историјата на човештвото. Интересен е податокот што главната улога како клучни партнери на овој настан биле оние кои не биле директно фокусирани на животната средина, така што Обединетите авто-работници под водство на лидерот на трудот, Валтер Ројтер, биле најинструменталниот надворешен финансиски и оперативен поддржувач на овој настан. Од страна на Хејс постоело мислење дека без поддршката на ОАР, првиот ден на планетата Земја веројатно ќе пропаднел. Подоцна, на Нелсон му е доделена наградата Претседателски медал на слободата, како признание на неговото дело. Првично, првиот ден на планетата Земја бил фокусиран на САД, но во 1990г., Хејс, оригиналниот национален координатор во 1970г., овој настан го организирал во 141 нација. Во 2016г. на „Денот на планетата Земја“, договорот од Париз бил официјално потпишан од страна на САД, Кина и околу 120 други земји. Со ова потпишување е задоволено клучното барање за стапување во сила на историскиот нацрт договор за заштита на климата, усвоен со консензус на 195-те нации присутни на Конференцијата за климатски промени на Обединетите нации во Париз, во 2015г. Понатаму, се вклучуваат бројни заедници во активностите на Неделата на денот на планетата Земја, односно, тоа се активности кои се фокусирани на еколошките проблеми со кои се соочува светот. На Денот на планетата Земја во 2020г., над 100 милиони луѓе ширум светот ја одбележаа годишнината, која се нарекува – најголемата онлајн масовна мобилизација во историјата. За таа цел и приклученост во овој значаен светски настан, во прилог е и нашиот начин на учество и поддршка на заштитата на климата, животната средина и воопшто „Денот на планетата Земја“. Учениците од нашето училиште под водство на наставниците и службата во нашето училиште активно се приклучија и го одбележаа овој настан со најразлични творби – од цртежи и изработки до поетски творби и покажаа дека и покрај условите во кои се наоѓаме сите, надежта и желбите за поубава и поздрава средина постои и егзистира кај сите, без разлика на возраста.

Еко катче -

ја сакам природата... и таа ме сака мене



Еко катче -

ја сакам природата... и таа ме сака мене

Учениците од ООУ „Стив Наумов“ твореа на тема екологија, како литературни, така и ликовни творби, но и многу пораки кои ја подигаат еколошката свест, како кај најмладите така и кај возрасните.

Соработка со Елколект и Пакомак

Оваа учебна 2020/2021 година беше карактеристична и по соработката помеѓу училиштето и граѓаните во околината со Елколект, во собирањето и предавањето на електричен и илектронски отпад, поточно 570кг електричен и електронски отпад и на тој начин испратија јасна порака како се заштитува животната средина и на свој начин повлијаеа врз подигањето на еколошката свест. Исто така, во тој правец во нашето училиште беа собрани 100кг пластични шишиња и беа предадени на Пакомак, што значи дека свеста за чиста животна средина не зависи само од одложувањето на отпадот туку и од негово рециклирање во функција на пренамена и добивање на производи кои ќе послужат понатаму за различни потреби и олеснување на животот.









Библиотека –
инспирација и знаење

Библиотеката во нашето училиште постои речиси од самото негово основање и до ден денес е во функција на читателите, како учениците, така и вработените, но не само со литература и материјали потребни во наставата, туку и слободна литература и белетристика, но и лектирни изданија за средно образование, на што сите сме особено горди.

Со тоа нашата библиотека е една од поголемите училишни библиотеки во градот, па и на територија на нашата држава. Како катче кое првенствено им служи на учениците во однос на лектирите кои се обработуваат во текот на целата учебна година, библиотеката има функција да повлијае врз всадувањето и развивањето на љубовта кон книгата кај учениците, уште од најмала возраст. Освен основната дејност, библиотекарот влегува

Секоја година библиотеката се збогатува со многу литературни наслови, како лектирни изданија, така и слободна литература, а воедно голема улога играат и донациите на книги од страна на наши ученици, наставници, но и лица од нашата околина кои доброволно донираат книги и го збогатуваат нашиот библиотечен фонд, за што сме им благодарни на сите подеднакво и тоа ни укажува дека љубовта кон книгата и знаењето се неисцрпни и непобедливи.

и во повеќе активности и секции вон наставата при што се откриваат талентирани ученици во разни области на уметноста и културата и со нив постојано се работи во развивање и унапредување на нивните таленти. Во однос на тоа, секоја година со исклучок на последната, ученици од нашето училиште учествуваат на натпреварот „Млади библиотекари“, глумат во училишни претстави и се пратставуваат надвор од училиштето, а новинарската секција е нешто на што се планира да се работи посериозно, за што се надеваме дека ова списание ќе даде поттик и мотивација кај учениците.

Полуматура +
Првенец на генерација

Според Правилникот за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците и врз основа на Законот за основно образование, првенец на генерација 2012/2021 година е ученичката Јована Јовевска. Со својот успех и вложен труд во континуитет од почетокот на школувањето, Јована Јовевска во иднина ќе послужи како убав пример кај идните генерации за тоа каков треба да биде ставот кон училиштето и учењето и како се постигнува успех, затоа што стекнатите знаења се трајна вредност и служат во текот на целокупното живеење.

Секако, освен првенецот на генерација, сите останати ученици кои оваа учебна година беа полуматуранти покажаа успех и оставија свој единствен белег во училиштето по којшто со радост и задоволство ќе ги помниме.

Како и претходната, така и оваа година поради мерките кои беа преземени за спречување на ширење на КОВИД 19, полуматурантите не беа во можност да ја прослават полуматурата како што претходните генерации традиционално го прославуваа тој за нив посебен ден. Секако дека овој специфичен момент ќе остане во спомен на учениците, но поради тоа што мерките беа преземени во прилог на целокупното здравје и безбедност, особено на најмладите, ние им порачуваме сите убави, но за жал пропуштени мометни да ги преточат во позитивни мисли и поглед кон иднината, затоа што кога сме безбедни и со добро здравје ќе го најдеме своето вистинско место во иднината и со радост ќе го дочекаме секој нов убав и незаборавен миг.

Јована Јовевска
-првенец на генерација-
2012-2021